**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Бр. 03-3665/4

Скопје 24.08.2017г.

**Предмет: Одговор на претставка (бр. 03-3665/1 од 15.08.2017 година)**

Во врска со Вашата претставка дека спортскиот канал Спорт Клуб ХД (Sport Klub HD) веќе две недели емитува српско аудио без можност да се промени во хрватско, а на тв приемникот стои аудио примарно, Ве известуваме за следново:

Со оглед на тоа дека во потврдата за регистрација на програмски пакети издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како јазик на емитување е наведен хрватскиот јазик, Агенцијата побара од Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации – Скопје информација што определува терминот примарно, односно на кој аудио јазик се однесува.

Македонски Телеком ја извести Агенцијата дека „*програмскиот сервис Спорт Клуб ХД се реемитува на хрватски јазик и дека терминот примарен се однесува на хрватски јазик*“.

Во прилог Ви ја препраќаме нивната информација.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

**Прилог (1):**
Информација од Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје (наш бр.03-3665/3 од 22.08.2017 година)


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk


МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009